| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Мама се радува |
| **Содржина на денот** | Кажи правилно |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Александра Балшиќевска |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за факторите кои го загрозуваат нашето здравје (не држење растојание, не миење раце... ) |
| **Активности** | -Со детето започнете разговор за предметите дома, за играчките нека ги именува, опишува. Обрнете му внимание на зборовите кои го имаат гласот „р“ и притоа поттикнувајте го убаво да ги изговара. Исто така можете и Вие да му кажувате зборови, а тоа да ве слуша и повторува, а можете и да кажувате точно, па погрешно за тоа да ја пронајдегрешката. Потоа на лист од блок нацртајте пролетен пејсаж каде што ќе има ( дрво, река, трева и други предмети кои го содржат гласот „р“). Детето нека ја разгледа сликата и нека објасни што гледа, корегирајте го доколку некој збор не го изговори убаво.<br>-За крај може да ја играте играта „Волшебно торбиче . Во една торбичка ставете сликички кои го содржат гласот „р“ на почетокот, на средината и на крајот од зборот. Детето нека извлекува по една сликичка и нека кажува што гледа и нека ја опишува. Оваа игра може да ја играте додека детето има интерес за истата. |